РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ
УСЛУГИ, СКОПЈЕ
Бр. 01-4641/1
15.07.2015 од.
СКОПЈЕ

# ПРОЦЕДУРА

## ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ГРАЃАНИ КОИ ИМААТ ОДРЕДЕН ВИД И СТЕПЕН ПОПРЕЧЕНОСТ

### ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ: „ДОСТАПНА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП“

Програма за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост

Процедурата е усвоена во контекст на остварување на Програмата на Агенцијата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост, и за реализација на проектот: „Достапна администрација за лица со хендикеп“

Член 1

Со оваа процедура се пропишува начинот на обезбедување пристап до услугите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (понатаму АВМУ) за лицата со попреченост, начинот на комуникација со нив, обврските на лицата одговорни за комуникација со граѓаните со попреченост и евидентирање на пружените/обезбедените услуги.

Член 2

Целта на оваа процедура е, во АВМУ, да се создадат услови за полесен пристап до информации и услуги за граѓаните со инвалидност.

Член 3

АВМУ, со одлука на директорот, назначува лице одговорно за комуникација со граѓаните со попреченост и негов/а заменик/чка (понатаму во текстот лица одговорни за комуникација).

Член 4

Податоците за лицата одговорни за комуникација (име и презиме, адреса, телефонски броеви и адреса за електронска пошта) се објавуваат на веб страницата на АВМУ.

Член 5

Лицата одговорни за комуникација, во текот на работното време, се постојано достапни за комуникација со лицата со попреченост, а начинот на нејзина реализација – директно, преку електронска пошта или по телефон, зависи од потребите, способностите и можностите на лицето со инвалидност.

Лицата одговорни за комуникација ги преземаат сите потребни и возможни активности за реализирање на барањата што лицата со инвалидност ги имаат кон АВМУ, притоа раководејќи се од насоките дадени во *Кодексот за однесување со лицата со инвалидност* на ЈУ Завод за социјални работи.

Член 6

Лицата одговорни за комуникација мора да имаат соодветна обука реализирана од страна на ЈУ Завод за социјални работи, согласно Програмата за проектот *Достапна администрација за лица со хендикеп*, за што треба да поседуваат соодветен сертификат, издаден од Министерството за труд и социјална политика и ЈУ Завод за социјални работи.

Знаењата стекнати при обуката, кои се однесуваат на правата на лицата со инвалидност согласно националната и меѓународната легислатива, начините за надминување стереотипи, предрасуди и дискриминација на лицата со инвалидност, видовите бариери со кои се соочуваат овие лица, основните карактеристики на лицата со инвалидност и начините на комуникација согласно видот и степенот на

инвалидноста, лицата одговорни за комуникација, преку процесот на организациско учење, им ги пренесуваат и на останатите вработени во АВМУ.

Член 7

Лицата одговорни за комуникација, откако ќе им овозможат на лицата со инвалидност да ги остварат своите граѓански права и да ги искористат услугите на АВМУ, задолжително ја пополнуваат *Листата за следење на бројот на инвалидни лица кои побарале асистенција при остварувањето на своите права*, содржана во Програмата за проектот *Достапна администрација за лица со хендикеп.*

Тие, за реализирањето на правата и обврските и користењето на услугите од страна на лицата со инвалидност, изготвуваат годишен извештај.

Член 8

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесување.

Скопје,

15.07. 2015 година

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ